[redacted]

Република Македонија
**Министерство за информатичко општество и администрација**

**Министерство за информатичко општество и администрација**

Архивски бр.__________
Дата: ____________2018година
бул. „Св.Кирил и Методиј" бр.54
1000 Скопје, Република Македонија
Тел. (02) 3200 870 Факс. (02) 3221 883
Е-пошта: contact_mis@mis.gov.mk
Сајт: www.mio.gov.mk

Македонија-Republika e Maqedonisë
ДИМИТАР ВЛАХОВ Скопје - DIMITAR VLAHOV Shkup
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | 12.02.2018 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица Njësia | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlera |
| 03 | 222 | /2 | |

Архивски бр.12/6-753/3
Дата:08.02.2018

ДО: СУГС „Димитар Влахов" - Скопје

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14 и 199/14), Министерството за информатичко општество и администрација дава

**ПИСМЕНА СОГЛАСНОСТ**

на

Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во СУГС „Димитар Влахов" - Скопје, број 03-222-/1 од 06.02.2018 година.

***Образложение***

СУГС „Димитар Влахов" - Скопје, изготви Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во установата и согласно во основот, наведениот член од Законот за вработените во јавниот сектор, достави барање за добивање на претходна согласност до Министерството за информатичко општество и администрација.

Министерството за информатичко општество и администрација, го разгледа доставениот акт и констатира дека истиот е во согласност со одредбите од Законот за вработените во јавниот сектор, Правилникот за содржината и начинот на подготовката на актите за внатрешна организација и систематизација на работните места како и содржината на функционалната анализа на институциите на јавниот сектор ("Службен весник на Република Македонија" бр. 11/15) и Каталогот на работни места во јавниот сектор, објавен на веб страната на Министерството за информатичко општество и администрација.

Во рамки на утврдената надлежност, Министерството за информатичко општество и администрација постапи согласно горе наведеното.

Со почит,

ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР
м-р Јахи Јахија

*Изготвил: Мирсада Шабани*
*Согласен: Славица Куновска*

61

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на Република Македонија" бр. 27/2014, 199/2014 и 27/2016), а во врска со член 28 од Законот за изменување и дополнување на Законот за административни службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр. 11/2018), *Директорот на Средно училиште на Град Скопје „Димитар Влахов„ од Скопје,* донесе:

# ПРАВИЛНИК
## за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Средно училиште на Град Скопје „Димитар Влахов„ Скопје

Бр./No. 01-221/1
06.02.2018 год./vit
СКОПЈЕ - SHKUP

### Член 1

Со овој Правилник се врши измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Средно училиште на Град Скопје „Димитар Влахов„ Скопје (бр. 01-799/1 од 25.06.2015; 01-1279/1 од 01.10.2015; 01-907/1 од 06.07.2016; 01-991/2 од 05.09.2016) година и тоа:

Во Глава III во членовите 12 став 1 алинеја 4, 13 став 1 алинеја 4 (посебни услови за работни места на административните службеници од кетегориите В и Г) во делот на посебните работни компетенции за сите нивоа - познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски), се бришат деловите:

- За сите ниво на категорија - В преку поседување на меѓународно признат сертификат издаден од официјален европски тестатор, член на здружението ALTE на европски тестатори на А2(А2) нивото на ЦЕФР односно КЕТ, ИЕЛТ со 3 поени, БУЛАТС или ТОЕФЕЛ ПБР најмалку 400 бода, ТОЕФЛ ЦБТ најмалку 95 бода или ТОЕФЛ ИНТ најмалку 30 бода, или ДЕЛФ, ТЦФ, ТЕФ, или ГЕТЕ сертификат
- За сите ниво на категорија - Г преку поседување на меѓународно признат сертификат издаден од официјален европски тестатор, член на здружението ALTE на европски тестатори на А1(А1) нивото на ЦЕФР односно БУЛАТС или ТОЕФЕЛ ПБР најмалку 310 бода, ТОЕФЛ ЦБТ најмалку 35 бода или ТОЕФЛ ИНТ најмалку 10 бода, или ДЕЛФ, ТЦФ, ТЕФ, или ГЕТЕ сертификат.

### Член 2

Во Глава III во членовите 12 став 1 алинеја 4, 13 став 1 алинеја 4 (посебни услови за работни места на административните службеници од кетегориите В и Г) во делот на посебните работни компетенции за сите нивоа, се додава/останува следниот текст:

- Активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски), активно познавање на комјутерски програми за канцелариско работење .

**Член 3**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добиената писмена согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

Директор

Ванчо Божиновски

Средно училиште на Град Скопје - Shkolla të mesme të qytetit Shkup "Димитар Влахов" - "Dimitar Vlahov" Република Македонија - Republika e Maqedonisë СКОПЈЕ - SHKUP

63